ИСОС
Република Македонија
Институт на Сметководители
и Овластени Сметководители

Институт на сметководители и овластени сметководители
Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,
Скопје, Република Македонија

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/99
01.03.2023 год.
СКОПЈЕ

# СООПШТЕНИЕ

Почитувани сметководители и овластени сметководители Ве известуваме дека е изготвен Меморандум за размена на податоци помеѓу Централниот Регистар на Република Северна Македонија и Институтот за сметководители и овластени сметководители. Истиот ќе биде потпишан во наредните неколку денови и е резултат на одлична меѓусебна соработка помеѓу Институтот и Централниот Регистар.

Обврската што произлегува со потпишување на Меморандумот се однесува на двете институции подеднакво, па оттаму Централниот Регистар на Република Северна Македонија во периодот од 15.04 до 01.05 2023 година ќе ги достави до ИСОС сите потребни податоци што се поврзани со поднесувањето на Годишните сметки, кои се нивни подносители, со кое Уверение број, кои се компаниите за кои ги поднеле.

Институтот согласно тие податоци ќе изврши проверка и контрола на ажурираните податоци добиени по пат на оваа размена.

Согласно правната регулатива и обврските кои се наметнуваат од процесот на спроведување на Законот за вршење на сметководствени работи Институтот во наредниот период во најбрз можен рок ќе изврши проверка.

Сите сметководители и овластени сметководители кои поднеле завршни сметки, а не се во согласност со Законот ќе добијат писмена опомена која ќе биде запишана во графата на Регистерот на сметководители и овластени сметководители и достапна за јавно прегледување. Во интерес на струката и прекратките рокови истите по добиената опомена ќе добијат рок од 30 дена да се усогласат со Законот, а тие што нема да го направат тоа ќе се постапи согласно член 40 и член 41 од Законот за вршење на сметководствени работи. Дополнително и сите правни субјкети кои поднеле Годишни сметки, а не биле усогласени со Законот, ќе бидат писмено известени.

Со ова со гордост можеме да кажеме дека започнува една нова ера на регулирање на професијата благодарејќи на извонредната соработка на Институтот и сите државни институции, а посебна благодарност до Централниот Регистар на Република Северна Македонија за професионалноста и разбирањето за почитување на Законот и законските обврски кои произлегуваат од него.

Со почит,
в.д.Претседател
Весна Прентоска

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ИСОС СКОПЈЕ